Врз основа на член 26, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој (“Службен весник на РМ 63/2007”), Центарот за развој на Вардарски плански регион до Советот за развој на Вардарски плански регион на 15 та седницата доставува:

# Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион

# за 2011 година

## Велес

## 2012 година

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1 1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.varadarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*

До
Совет за развој на
Вардарски плански регион

## 1 ВОВЕД

Центарот за развој на Вардарски плански регион (ЦРВПР) со својство на правно лице е основан на ??.??.???? година, од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Вардарскиот плански регион (Велес, Кавадарци, Наготино, Свети Николе, Лозово, Чашка, Градско, Росоман, Демир Капија).

Центарот за развој на Вардарски плански регион е единица на локалната самоуправа со делокруг на работа утврден во Законот за рамномерен регионален развој. Центарот за развој на Вардарски плански регион официјално отпочна со работа на 01.10..2009 година по назначувањето на Раководител и 2(двајца) советници координатори за регионален развој

Седиштето на Центарот за развој на Вардарски планскиот регион е во Велес на Ул.Панко Брашнар бр.1 1400 Велес Тел:043/211-484 www.varadarregion.gov.mk info@vardarregion.gov.mk

## 2. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

2.1. Раководител

Раководител на Центарот за развој на Вардарски плански регион

2.2 Администрација

- Советник-координатор за регионален развој и инвестиции
- Советник –координатор за инфрастуктура, заштита на животна средина и обновливи извори на енергија
- Советник-координатор за замјоделие, рурален развој, туризам и култура
- Самостоен референт за финансии и административно-технички работи на Цантарот

Моментално, во Центарот за развој на Вардарски плански регион се вработени 3 лица од кои: Раководител, и двајца координаттори за регионален развој .

## 3. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОДОБРЕНИТЕ ПРОЕКТИ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН, ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА(БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ) ЗА РАЗВОЈ ЗА 2010 ГОДИНА

Проектите што се одобрени 2010 год. а имплементирани 2011 год. сите проекти се усогласени со Програмата за развој на Вардарскиот плански регион 2008-2013 година и Листата на приоритетни проекти за 2010 година.

| Р.бр. | Назив на проектот | Статус |
|---|---|---|
| 1. | Промоција на Вардарскиот регион како атрактивна бизнис-дестинација,со акцент на промоција на Стопанските зони во Вардарскиот плански регион | Одобрен |
| 2. | Изработка на физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија | Одобрен |
| 3. | Зголемена енергетска ефикасност со заштеда на електрицна енергија во јавните установи со акцет на училоштата од Општините во регионот | Одобрен |
| 4. | Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возрас. | Одобрен |

## 4. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центарот за развој на Вардарски плански регион во периодот јануари – декември 2011 год. ги подготви и организира 10,11,12,13,14-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион.

### 4.1

### 10-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион

- На 10-та седница на Советот за развој на ВПР, беа усвоени и донесени повеќе одлуки.

- Усвојување на Записник од 9-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион, одржана на 21.12.2010 год.
- Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 год.
- Одлука за усвојување на Извештајот за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2010 год.
- Одлука за усвојување на измена и дополнување на Финасискиот план за 2011 год. на Центарот за развој на Вардрски плански регио.
- Одлука за усвојување на Акциониот план за имплеметација на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2011 год.
- Одлука за Сертификација на Центарот за развој на Вардрски плански регион и опшините во регионот со ISO 9001:2008 Стандард за систем на управување
- Одлука за трансформација на Договорите за работа на неопределено време на вработените во администрацијата на Центарот за развој на ВПР

### 4.2

### 11-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион усвои и донесе

-На 11-та седница на Советот за развој на ВПР, покрај потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на ВПР и Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА Плус., беше избран и Претседател на Советот за развој на Вардарски плански регион со мандат од 2(две години).

- Усвојување на Записник од 10-та седница одржана на 22.02.2011 год. на Советот за развој на Вардарски плански регион
- Избор на Претседател на Советот за развој на Вардарски плански регион.
- Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Центар за развој на Вардарски плански регион и Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА Плус.

**4.3**

**12-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион усвои и донесе**

-На 12-та седница на Советот за развој на ВПР, беа усвоени и донесени повеќе одлуки за завршените проекти.

- Усвојување на Записник од 11-та седница одржана на 25.08.2011 год. на Советот за развој на Вардарски плански регион
- Одлука за усвојување на техничка документација за енергетска ефикасност на училиштата од општините во ВПР, во рамките на проектот "Подготовка на елеборати-техничка документација од областа на енергетската ефикасност".
- Одлука за усвојување на Драфт верзија на Стратегија за промоција и маркетинг на Вардарскиот плански регион 2011-2015 год. реализирана активност во рамките на проектот за "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во ВПР"
- Одлука за усвојување на Драфт верзија на Студија за идентификација на стратешки локации за организирање на информативни пунктови долж коридорот 10 и магистралниот правец М-5 во Вардарскиот плански регион реализирана активност во рамките на проектот за "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во ВПР"
- Одлука за усвојување на Драфт верзија на Студија за идентификација на основни и дополнителни интегрирани потреби, услуги и содржини, реализирана активност во рамките на проектот "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во ВПР"
- Одлука за учество на Центарот за развој на Вардарски плански регион на Саемот на општини ЗЕЛС-ЕКСПО 2011.

**4.4**

**13-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион усвои и донесе**

-На 13-та седница на Советот за развој на ВПР, беше донесена и усвоена листа на предлог-проекти за развој на Вардарски плански регион за 2012 година

- Усвојување на Записник од 12-та седница одржана на 28.10.2011 год. на Советот за развој на Вардарски плански регион
- Одлука за утврдување на листа на предлог-проекти за развој на Вардарски плански регион за 2012 година врз основа на приоритетност.

**4.5**

**14-та седница на Советот за развој на Вардарски плански регион**

-На 14-та седница на Советот за развој на ВПР, беа усвоени и донесени повеќе одлуки.

- Усвојување на Записник од 13-та седница одржана на 18.11.2011 год. на Советот за развој на Вардарски плански регион
- Одлука за усвојување на финансиски план за 2012 година.
- Одлука за преотстапување на програмите од сунѓер, дрво и метал во рамките на проектот ,,Физичките активности во функција на здрав психофизички развој на децата од предучилишна возраст".
- Одлука за усвојување на Нацрт-верзијата на "Физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија".
- Одлука за воспоставување на систем за интегрирано регионално управување со отпад во ВПР.

## 5. АПЛИЦИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2010 ДО МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ

Согласно програмските определби и приоритетите дефинирани во Програмата за разој на Варадрски плански регион 2008-2013 , Центарот за развој на Вардарски плански регион ,изготви предлог-проекти од регионално значење и ги аплицираше до меѓународните отворени фондов.

| Р.бр. | Назив на проектот | Стстус | Извор на финасирање |
|---|---|---|---|
| 1. | Локална иницијатива за животна средина LIFE | Аплициран\е одбиен за финасирање | Инструмент за претпристапна помош 2 компонента, прекугранична соработка Македонија - Грција |
| 2. | Промоција на туристичките потенцијали/можности во прекуграничната област -PROTOPPOR | Аплициран\е одбиен за финасирање | Инструмент за претпристапна помош 2 компонента, прекугранична соработка Македонија-Грција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Прекугранична соработка за одржлив развој на басенот на реката Вардар TRAXVAR | Аплициран\е одбиен за финасирање | Инструмент за претпристапна помош 2 компонента, прекугранична соработка Македонија - Грција |
| 4. | Техничка подршка на Центрите за развој на планските региони во Р.Македонија – Развој на дело. | Аплициран\е одобрен проектот се имплементира | Финансиран од Швајцарската Агенција |
| 5. | Физибилити студија за одржливо користење на органски отпад од вино во Вардарскиот регион | Аплициран\одбиен за финасирање | CEI KEP програма |
| 6. | EUCONet- Europian cohesion network | Аплициран/ се очекува одговор од евалуација | SEE Programe |

## 6. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ВО 2010 ГОДИНА

Проект: **Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во Вардарскиот плански регион**

Проектот е имплементиран од месец 10.2010 година до 10.2011 година.

Имплементиран е од страна на Конзорциумот предводен од "Идеја ОК" ДООЕЛ,Скопје, "Балкан девелопмент Солутионс БДС" ДОО Скопје, "Урбан" ДОО, Штип и "Прима менаџмент Консалтинг" ДООЕЛ".

**Главна цел** на проектот е да се создадат услови за развој на транзитниот и алтернативниот туризам и да се постави основа за иден развој на транзитниот туризам, на интегриран и координиран пристап во давањето на

услуги кои ќе излезат во пресрет на потребите на корисниците на овие патишта: транзитните туристи и домашните локални и регионални патници.

Во рамките на имплеметација на проектот се одржани повече работилници:

-месец јануари (одржани две работилници во просториte на Општина Велес, целта на работилниците е да се идентификуваат 12 (дванаесет) локации за инфо пунктови во Вардарскиот плански регион.

23.03.2011 година.

Во хотел Монтенегро Ревијера-Велес се одржа првата работилница од Проектната задача 5. Стратегија за промоција и маркетинг на Вардарскиот Плански Регион (ВПР) 2011-2015 од проектот "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во Вардарскиот регион-Фаза 1". Првата работилница имаше за цел: Ситуациска анализа на туризмот во Регионот – анализа на економското опкружување и туристичките ресурси на ВПР. На работилницата беа поканети претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

28.03.2011 година.

Во хотел Монтенегро Ревијера-Велес се одржа втората работилница од Проектната задача 5. Стратегија за промоција и маркетинг на Вардарскиот Плански Регион (ВПР) 2011-2015 од проектот "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во Вардарскиот регион-Фаза 1". Втората работилница имаше за цел: Визија и Стратегија за промоција и маркетинг на туристичките потенцијали на Регионот. На работилницата беа поканети претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

04.04.2011 година.

Во ресторан Рубико-Неготино се одржа тратата работилница од Проектната задача 5. Стратегија за промоција и маркетинг на Вардарскиот Плански Регион (ВПР) 2011-2015 од проектот "Развој на транзитниот и алтернативниот туризам во Вардарскиот регион-Фаза 1". Тратата работилница имаше за цел: Пазарно комуницирање и позиција на Вардарскиот Плански Регион во туризмот.На работилницата беа поканети претставници од јавниот, приватниот и невладиниот сектор.

Со имплементирањето на проектот се изработиј: Студија за идентификација на дванаесет (12) стратешки локации за изградба на информативни пунктов, изработени се 3(три) урбанистички планови, Студија за идентификација на основни и дополнителни интегрирани потреби, услуги и содржини и Сратегија за маркетинг и промоција на регионот.

Проект:**Изработка на физибилити студија за утврдување на потенцијалите на регионот за искористување на обновливи извори на енергија**

Проектот ќе се имплементиран од месец 09.2011 година до 03.2012 година.

Имплементатор на проектот е консултанската куќа СИМАК-ИНЖЕЊЕРИНГ од Скопје, тимот е составен од македонски и украински експерти од областа на обновливите извори на енергија.

Проектот има 3 проектни задачи

1.Изготвување на студија за утврдување на потенцијалот на регионот за искористување на обновливи извори на енергија
2.Надградба на капацитетите на локалните експерти на полето на ефикасно искористување на обновливите извори на енергија
3.Презентација на изготвената студија за потенцијалот на (сонце, ветер, биомаса) како извори на енергија во регионот

Во рамките на имплеметација на проектот се одржани повече работилници, посети на терен и презентации:

05.09.2011 година**.**

Се одржа првиот работен состанок помеѓу ЦРВПР и претставници на општините кои се во состав на Вардарскиот плански регион со СИМАК-ИНЖЕЊЕРИНГ и Cleaner Tehnologies Centre-Kyiv Republic of Ukraine. Работниот состанок имаше за цел: објаснување на методологијата за изработка на студијата и се презентираше прашалникот за прибирање на информации поврзани со изработка на студијата.Работниот состанок се одржа во просториите на Општина Велес.

Во месец 10.2011 год. во рамките на проектот се изврши посета на три општини од регионот со цел прибирање на детални информации за три објекти за кој ќе се изработи проектна документација во согласност со развојот на чисти технологии (Clean Development Mechanism). Експертскиот тим од Р.Македонија беше во посета на Киев Cleaner technologies Centar Киев и Институтот за обновливи извори на енергија на Политехничкиот универзитет во рамките на Академија на науки на Р.Украина.

28.11.2011 година**.**

Претставници на Вардарскиот регион и претставници на Симак-Инжињеринг и експерти од Институтот за обновливи извори на енергија на Политехничкиот универзитет во рамките на Академија на науки на Р.Украина. извршија посета на ОУ ``Методија Милевски Брицо``Лозово, спортска сала ``Гемиџии``Велес и ОУ ``Тодор Јанев ``Чашка за овие три објекти ќе се изработи проектна документација во согласност со развојот на чисти технологии (Clean Development Mechanism).

30.11.2011 година.

Во просториите на ликовниот салон во Општина Велес се извршија презентација на нацрт верзијата на ``Физибилити студијата за утврдување на потенцијалите на Вардарскиот плански регион за искористување на обновливи извори на енергија``.

Проект:"**Зголемена енергетска ефикасност со заштеда на електрична енергија во јавните установи со акцент на училиштата од Општините во регионот" Фаза 1- Изработката на Техничка документација за осветлување со енергетски ефикасни светилки на училиштата**

Проектот е имплементиран од месец 07.2011 година до 11.2011 година.

Имплементатор на проектот е Центарот за енергетска ефикасност на Македонија МАЦЕФ

Во рамките на имплеметација на проектот се одржани повече работилници, посети на терен и презентации:

Одржани почетни состаноци со претствници на општинската аминистрација и директорите на основните училишта ООУ "Методи Митевски Брицо"-Лозово, (ООУ Тодор Јанев –Чашка ООУ Петар Поп Арсов –Богомила,ООУ Лирија –Горно Јаболчиште) - Чашка, ООУ "Даме Груев"-Градсо, ООУ "Пере Тошев"-Росоман, ООУ "Димче Ангелов-Габерот"-Демир Капија

15.07-28.07.2011 година

Претставници на Центарот за развој на Вардарски плански регион и Центарот за енергетска ефикасност на Македонија МАЦЕФ ги посетија сите основни училишта кој се опфатени со проектот.При посетата објактите, стручните лица на изведувачот извршен е детален увид на објектот(градбата), неговите системи(греење, осветлување, електричните инсталации) и беа извршени сите потребни мерења.

Со проектот се изработија технички елаборат за енергетска ефикасност за сите училиште. Изработени се идејни проекти за замена на старите прозорци во две училишта,идејни проекти за поставување на нов систем за греење во две училишта, како и идејни проекти за замена на постоечкото осветлување со ново ефикасно осветлување во седум училишта.

Проект: **"Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возраст"**

Проектот е имплементиран од месец 11.2011 год до 12.2011 год.

Имплементатор на проектот е Друштво за производство, трговија и услуги ЦАЦА-С ДООЕЛ Велес.

23.12.2011 година**.**

Во рамките на проектот "Физичките активности во функција на здрав ментален развој на децата од предучилишна возраст" во Јавна Општинска Установа Детска Градинка "Димче

Мирчев" – Велес беа пуштени во употреба програмата од сунѓер за физички активности и дидактички игри и програмата од дрво и метал. Во рамките проектот беа опремени и другите градинки од регионот.

- ЈОУ Детски градинки опремени со програми од програма од сунѓер

ЈОУ Детска градинка Димче Мирчев Велес 26 парчиња
ЈОУ Детска градинка Рада Поцева Кавадарци 13 парчиња
ЈОУ Детска градинка Фемо Кулаков Неготино 26 парчиња
ЈОУ Детска градинка Рахилка Гонева Свети Николе 11 парчиња
ЈОУ Детска градинка Рахилка Гонева Лозово 13 парчиња
ЈОУ Детска градинка Борис Трајковски Демир Капија 12 парчиња
ОУ Тодор Јанев Чашка 13 парчиња
ЈОУ Детска Градинка Росоман 14 парчиња

- ЈОУ Детски градинки опремени со програми од дрво и метал

ЈОУ Детска градинка Димче Мирчев Велес 2 програми
(две дупли куќарки и две единечни куќарки)
ЈОУ Детска градинка Рада Поцева Кавадарци 2 програми
(две дупли куќарки и две единечни куќарки)
ЈОУ Детска градинка Фемо Кулаков Неготино 1 програма
(една дупла куќарка и една единечна куќарка)

Проект: **Техничка подршка на Центрите за развој на планските региони во Р.Македонија – Развој на дело.**

Проектот е имплементиран од месец 06.2011 год до 12.2011 год.
Имплементатор на проектот е Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС.
Проетрот има 2(две) проектни задачи

- Територијална анализа на Вардарскиот плански регион

Во рамките на првата проектна задача се одржаа повеќе работни состаноции и работилници

21.09.2011 година.

Во просториите на општина Велес се одржа првата работилница. На која се формираше тимот кој ќе работи на поставување на територијална анализа. Територијалната анализа (ТА) претставува збир на алатки преку кои се доаѓа до брза

дијагноза за конкурентската предност на еден регион. Со други зборови, ТА е поттик на регионалната економија преку конкретни и практични предлози и резултати .

29.09.2011година.

Во просториите на хотел Романтик се одржа втората работилница од проектот Територијална анализа на која беа поканети претставници на бизнис секторот, претставници од општините кои се во состав на Вардарски плански регион. На работилница се определија најпотенцијалните бизнис сектори на Вардарски плански регион со цел во иднина фокусот на развојот на регионот да се насочи кон нив.

По завршувањето на двете работилници се премина кон теренски истражување на 5 приоритетни сектори според нивниот потенцијал за раст. Теренското истражување го спроведе тимот составен од претставници на Центарот за развој на ВПР, Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС и претстсвници од општинската администрација од Регионот. Со истражувањето се посетија повеќе фирми од регионот со кој се извржи разговор и се пополнија анкетни прашалници.

10.11.2011 година.

По повод Европскиот денот на претприемачот, Центарот за развој на Вардарски плански регион и Фондацијата за одржлив економски развој ПРЕДА ПЛУС, извршија **“Презентација на наодите на територијалната секторска анализа во Вардарскиот плански регион”** Гости на настанот, претставници на Европската комисија и Швајцарската амбасада во Р.Македонија Заинтераните компании ги изложат своите производи на подготвените штандови на самиот настан.

- Воведување на Стандард за квалитет ISO 9001:2008

Во тековниот месец октомври се одржаа првата обука за управување со квалитет ISO 9001:2008 во просториите на Општина Велес. На обуката беа поканети претставници на општините кој се во состав на Вардарскиот плански регион.

Обуки на вработените од Центарот за развој на Вардарски плански регион за имплементација на систем за управување со квалитет ISO 9001:2008. се одржуваа редовно во месеците октомври, ноември и декември 2011год, (обуките се во рамките на проектот “Техничка поддршка на центрите за развој на планските региони – Развој на дело”. По завршувањето на обуките од 15.12.2011 год. Центарот за развој на ВПР работи согласно барањета на системот за квалитет ISO 9001:2008.

## 7.СПРОВЕДЕНИ ЈАВНИ НАБАВЛИ ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Во текот на 2011 год. Центарот за развој на Вардарски плански регион спроведе 11(единаесет) постапки за доделување на договор и тоа:

- 3(три) постапки со барање за прибирање на понуди без одјавување на оглас.
- 1(една) постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на оглас.
- 7(седум) отворени постапки.

## 8. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА 2010 ГОДИНА

### 8.1 Промотивни активности

- ✓ 21 до 23 јануари 2011 година во Вировитица, Република Хрватска, Центарот за развој на Вардарски плански регион ги презентирани економските и туристичките потенцијали на општините кој се во состав на Вардарскиот плански регион.На саемот во Вировитица свое присуство и претставување имаа вкупно 19 земји од Европа и Светот како Италија, Кина, Индија, Турција, Полска, Словачка, Украина, Словенија и други земји.
- ✓ 25-26.11.2011 година. Центарот за развој на Вардарски плански регион се претстави на Саемот на општини ЗЕЛС-ЕКСПО 2011.На штандот на Центарот за развој на Вардарски плански регион свое претставување имаа и општините Росоман, Градски и Лозово.

### 8.2 Организирани обуки и презентации

- ✓ 29.03.2011 година. Во организација на Центарот за развој на Вардарски плански регион, во големата сала на Општина Велес се одржа Информативен ден – Програма европа за граѓаните. Целта на информативниот ден е претставување на акциите за кои ќе може да се аплицира од 1 јуни 2011 година. Информатибниот ден беше подршан од Министерството за образование и наука и Информативниот центар на Делегацијата на Европската Унија.
- ✓ 17-18-24-25.03.2011 година. Центарот за развој на Вардарски плански регион во соработка со Општина Велес (оделение за локален економски развој), во општините Неготино, Демир Капија, Свети Николе, Кавадарци и Велес, организираа работилници за презентација и промоција на Регионалниот образовен портал. Образовниот портал е веб базирано решение за колаборација, комуникација и презентација на образовни содржини прилагодени на образовниот систем. Како платформа за управување и учење, решението им овозможува на наставниците да управуваат и да ги реализираат административните активности, на учениците им обезбедува интерактивен начин на учење, а на родителите им обезбедува контрола и вклучување во образованието на нивните деца

- ✓ 11 и 12.05.2011 година**.** Центарот за развој на Вардарски плански регион во соработка со Министерството за економија како регионален координатор за рамковната програма за конкурентност и иновации (CIP), во Хотел Романтик, Велешко езеро организираа обука за CIP програмата за конкурентност и иновации на Европската Унија 2007-2013 година.
- ✓ Центарот за развој на Вардарски плански регион во соработка со Центарот за Институционален Развој-ЦИРа, Швајцарската агеција за развој и Соработка со поддршка на Факултетот за бизнис и економија на ден 16.06 и 17.06.2011 година. во електронската сала на Општина Велес одржи обука "Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија" обуката е во насока на зголемување на капацитетот и знаењето на општините за вложување во проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија.
- ✓ Центарот за развој на Вардарски плански регион, учествуваше во организација на "Вардарска регата 2011" година, која ќе се одржи од 30.06.2011 до 03.07.2011 година.
- ✓ 1.11.2011 година. Центарот за развој на Вардарски плански регион во соработка со Мрежата за рурален развој на РМ (МРР на РМ) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го организираа информативниот форум за пристапот LEADER.Целта на форумот е информирање на заинтересираните страни од јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор за пристапот LEADER (форумот се одржа во просториите на општина Велес).
- ✓ 07.12.2011 год. Во организација на Центарот за развој на Вардарски плански регион и Министерство за локална самоуправа во просториите на Општина Велес, се одржа Обука за стратешко планирање на локално ниво. Обуката е наменета за вработените од општинската администрација од општините кои се во состав на Вардарскиот плански регион.

<u>8.3 Посетени семинари и обуки</u>

- ✓ 16-18.02.2011 година. По повод збратимувањето на Општина Велес со Општина Сомбор, Република Србија. Раководителот на Центарот за развој на Вардсрки плански регион, беше во општинската делегација предводема од Градоначалникот на општина Велес.
- ✓ 18-20.04.2011 година. По покана од Министерств за информатичко општество и администрација, Раководителот на Цантарот за развој на Вардарски плански регион, присуствуваше на дво дневна обука за подготвување на проекти кој ќе се аплицираат во европските фондови. Обуката се одржа во Црна Гора.
- ✓ 19-20.08.2011 година. Претставник од Центарот за развој на Вардарски плански регион учествуваше на семинар организиран од Коалиција на младински организации СЕГА во соработка со Европска Куќа од Каен (Франција), во хотел Сириус – Струмица, тема на семинарот „Европски приоритети и локални младински потреби во полето на младите".
- ✓ 23..09.2011 година. Претставник од Центарот за развој на Вардарскиот плански регион со претставници од Фондација за одржлив економски развој ПРЕДА Плус, беа во работна посета на општина Кожани, Република Грција.
- ✓ 03-04.10 2011 година. По покана од Секретаријатот за европски прашања на Р.Македонија, во хотел Романтик. Велес, вработените во Центарот за развој на Вардарски плански регион, присуствуваа на обука во рамките на проектот "Техничка поддршка за ИПА Центар за обука ".

- ✓ 03.11.2011 година. Во рамките на проектот:Техничка подршка на Центрите за развој на планските региони во Р.Македонија – Развој на дело. Претставници од Центарот за развој на ВПР, беа во посета на саем во Солун (Република Грција).
- ✓ 22.11.2011 година. По покана од Министерство за животна средина и просторно планирање, Раководителот на Цантарот за развој на ВПР и Претседателот на Советот за развој на ВПР, учествуваа на меѓународна коференција“Добри практики од обласа на управувањето со отпадот од земњите членки на ЕУ”.

Со почит.

Раководител на Центар за развој
на Вардарски плански регион
Александар Бузалков

Изготвил
Марко Колев

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Панко Брашнар бр.1  1400 Велес*
*Тел:043/211-484*
*www.varadarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*